**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ОД ПОЛЕТО 506 ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ), ОБЛАСТ 50622 УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ НА ПВУ-БСШ "ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ**

Со одлука донесена на ___ седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден _____година определени сме за членови на рецензентска комисија за избор во сите наставни звања од полето 506 Организациски науки и управување на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје. Јавниот конкурс за избор на наставник во сите наставни звања од полето 506 Организациски науки и управување, од областа 50622 Управување со човечки ресурси беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 13.12.2023 година, и во предвидениот рок се пријави м-р Бранко Младеновски. Членовите на Рецензентската комисија, согласно член 172 од Законот за високо образование (Сл.Весник на РМ бр.82/18) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија '' Скопје, во врска со објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставни звања во областа на Организациски науки и управување, врз основа на деталниот увид на приложената документација, на Наставничкиот совет му го поднесува следниот извештај.

**ИЗВЕШТАЈ**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот м-р Бранко Младеновски од Скопје, со дата на раѓање 21.05.1982 година, дипломирал во САД во 2005 година на Универзитетот на Тампа, во правец меѓународна трговија, а се стекнува со научен степен Магистер на економски науки на

20.12.2012 година, при Европскиот Универзитет на Република Македонија, со одбрана на трудот на тема: *Колку менаџментот на човечки ресурси е застапен како сектор во македонските компании во споредба со странски успешни компании.* Кандидатот е во фаза на пишување на докторска дисертација од областа на Економската дипломатија на тема *Корпоративна социјална одговорност како дел од Корпоративната дипломатија, случајот на Северна Македонија,* при Европскиот Центар за Мир и Развој (ECPD, University for Peace, established by the United Nations) во Белград.

Кандидатот има долгогодишно искуство во приватниот сектор како ко-сопственик и управител на неколку компании од секторите надворешна трговија и производство, хотелиерство, и градежништво, со канцеларии во Скопје, Сан Диего, Хонг Конг и Гунагџоу. Благодарение на професионалните ангажмани и физичкото присуство од повеќе од една деценија во Кина и САД, кандидатот се има стекнато со значително искуство во областа на надворешната трговија, управувањето со човечки ресурси, и меѓу-културната комуникација, што, во комбинација со теориска спрема, може да биде добредојдено за успешно контекстуализирање на различни теории и појави од сферите на економијата и управувањето.

## 2. Наставно-образовна дејност

Кандидатот нема документирано наставно-образовно искуство.

## 3. Научно-истражувачка дејност

Објавени научни трудови во меѓународни списанија:

- Mladenovski, B. (2023) "International Financial System and Capital Markets: A Brief Overview", SCIENCE International Journal, 2(3), pp. 105–111. doi: 10.35120/sciencej0203105m

- Mladenovski, B. (2023) "Critical Review of Chapter II - Trends in International Markets: Trade and Development Report 2022", SCIENCE International Journal, 2(3), pp. 151–155. doi: 10.35120/sciencej0203151m

Учество на меѓународни конференции:

- The XI ECPD Global Youth Forum: Youth Power for the Common Future, *Youth Leadership for a System Change to Save the Earth for All,* organized by the European Center for Peace and Development of the University for Peace est. by the United Nations (October 2023)
- 9th ECPD Global Youth Forum: Youth Power for the Common Future: *Building Forward Together,* organized by the European Center for Peace and Development of the University for Peace est. by the United Nations (October 2021)

**4. Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот повеќе од две децении учествува во меѓународниот бизнис сектор преку експорт и импорт на продукти од/до повеќе земји од светот. При тоа се стекнува со искуство во производствени процеси, извозно-увозни процедури, финансирање, глобална логистика, и односи со клиенти од различни националности. На домашниот пазар, преку градба и управување на неколку хотели, кандидатот го има надградено своето практично искуство и во локален контекст. Со десет годишно присуство во Управниот одбор на БИРН Македонија (Балканска истражувачка репортерска мрежа), кандидатот има искуство и успех и со управување на невладини организации.

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет му го даваме следниот

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишаниот јавен конкурс за избор во наставно звање од областа 506 Организациски науки и управување, може да констатира дека кандидатот м-р Бранко Младеновски ги

исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот м-р Бранко Младеновски го

има потребното искуство за избор во наставно звање предавач, има објавено стручни трудови, и покажува особен академски интерес. Кандидатот поседува способност и капацитет и да ги следи и совладува најновите сознанија и трендови во науката на глобално и локално ниво. М-р Бранко Младеновски има предиспозиции и спрема за наставно образовна и научно истражувачка активност, кои се клучни за извршување на работните обврски.

Рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот м-р Бранко Младеновски во наставно звање предавач од областа на Организациски науки и управување на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Д-р Синиша Зариќ, редовен професор на Економски факултет Белград, Универзитет Белград
2. Д-р Нано Ружин, професор емеритус на Универзитет на Обединети нации Белград,
3. Д-р Бранка Денкова Поповска, виш предавач на ПВУ ВСШ Факултет за Бизнис Економија Скопје